ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и

Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади

ПОВЕРЕНИЦИ: м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и

Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за системот за проценка на лица со попреченост

Скопје, декември 2025 година

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со донесувањето на Законот за системот за проценка на лицата со попреченост во 2023 година за прв пат прашањата поврзани со вршење проценка заради утврдување на лица со попреченост се уреди на системски начин, поставувајќи основа за едноставна, ефикасна и економична организација (подготовката и спроведувањето) на проценките на лица со попреченост.

Следните причини ја отежнаа и забавија примената на законот, заокружувањето на правната рамка и функционирањето на сеопфатниот систем:

-потребата од подолго пилотирање на националната методологија за проценка на попреченост, врз основа на кои резултати треба евентуално да се идентификуваат и направат дополнителни промени во правната рамка,

-подолгиот период потребен за развој, тестирање и ставање во функција на сеопфатниот Информациски систем за проценка на лица со попреченост,

-недоволните капацитети на одредени јавни институции за преземање на надлежности, односно подолгиот период потребен за зајакнување на нивните капацитети и

-ограничените можности за мобилност на одредени стручни профили во рамките на јавниот сектор.

Исто така, во меѓувреме се направи реорганизација на органите на државната управа. Во таа насока, областа на трудот се издвои од некогашното Министерство за труд и социјална политика и премина во Министерството за економија и труд, додека кон министерството покрај социјалната политика се придодадоа и областите демографија и млади, со што се јави потреба од преименување на називот на министерството низ текстот на законот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со донесување и примена на Предлогот на закон се очекува да се постигнат следните цели:

-побрзо воспоставување и функционирање на системот за проценка преку задржување на досегашната институционална поставеност кај проценките на одредени категории лица со попреченост,

-вршење на проценка на попреченост врз основа на национална методологија, која ќе ја предлагаат две ресорни министерства и ќе ја носи Владата на Република Северна Македонија и која се заснова на меѓународни документи во областа и ќе опфаќа различни аспекти,

-обезбедување пристапност во процесите на лиценцирање на стручни лица и сертифицирање на обучувачи за лицата со попреченост и

-зголемување на бројот на стручни лица кои вршат проценки преку овозможување лицата кои поминале стручна обука и полагале испит организирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади а пред започнувањето со примената на

законот да се стекнат со лиценца за стручно лице по сила на закон, како и преку овозможување обучувачите да вршат проценка на попреченост.

Покрај начелата на кој се заснова основниот текст на законот, со овој предлог закон се додаваат и следните начела:

-обезбедување на пристапност и соодветно приспособување во сите фази на постапката,

-обезбедување на активно учество и информирана согласност на лицето со попреченост, вклучително и право на придружник и

-отчетност и транспарентност на вклучените органи и стручните лица кои вршат проценка на попреченост.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не создава обврска за обезбедување средства за негово спроведување од Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот чие донесување се предлага не создава обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V.УСОГЛАСЕНОСТ НА ЗАКОНОТ СО ИЗВОРИТЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со законот не се транспонираат одредби од прописите на Европската Унија.

## VI. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Од донесувањето на предложениот закон произлегува обврска за донесување нови подзаконски прописи.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Член 1

Во Законот за системот за проценка на лица со попреченост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), во член 3 во ставот (1) зборовите „децата и“ и „Законот за заштита на децата,“ се бришат.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Одредбите од овој закон, кои се однесуваат на лиценцирањето на стручните лица кои вршат проценка, националната методологија за проценка на попреченост, стручната проверка при ревизија на проценките и на Регистарот на лица со попреченост, се применуваат и на функционалната проценка која ја врши Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје.

(4) Начинот на примена на Националната методологија за проценка на попреченост и на внесување на податоците за децата со попреченост во Регистарот на лица со попреченост од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје, начинот на вршење стручна проверка при ревизија на проценките во системот на функционална проценка, начинот на пристапување и преземање на медицинската документација потребна за утврдување попреченост на лицето од Националниот систем за електронски евиденции во здравството, како и начинот на координација и соработка на надлежните органи и установи во системот за проценка на попреченост и системот на функционална проценка ги пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади (во натамошниот текст: министерот) во соработка со министерот за здравство.“

Член 2

Во член 4 во точката 1 по зборот „недискриминација“ се става запирка и се додаваат зборовите „како и обезбедување на пристапност и соодветно приспособување во сите фази на постапката“.

Во точката 4 по зборот „попреченост“ се додаваат зборовите „како и обезбедување на активно учество и согласност на лицето, вклучително и право на придружник,“.

Во точката 8 сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во точката 9 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

„10. Отчетност и транспарентност на вклучените органи и стручните лица кои вршат проценка на попреченост.“

Член 3

Во членот 5 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 4

Во член 7 во ставот (2) зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

Во член 8 ставот (1) се менува и гласи:

„Министерството склучува договор или меморандум за соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија со кој се уредува начинот на кој стручните лица кои вршат проценка и се вработени во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија вршат проценки во рамките на системот за проценка на лица со попреченост.“

Член 6

Во член 9 во ставот (1) зборовите „вработени или“ се бришат.

Член 7

Во член 11 во ставот (1) зборовите „за труд и социјална политика (во натамошниот текст: министерот),“ се бришат.

Член 8

Во член 17 во ставот (4) по зборовите „спроведување на“ се додаваат зборовите „програмата за обука за стручни лица кои вршат проценка и“.

Член 9

Во член 18 во ставот (3) по зборовите „за обучувач“ се става запирка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 10

Во член 22 во ставот (1) зборовите „Министерството, Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје“ се заменуваат со зборовите „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија“.

Член 11

Во член 24 во ставот (1) зборовите „Министерството, Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје“ се заменуваат со зборовите „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Стручното лице кое врши проценка од ставот (1) на овој член, има овластен пристап до медицинската документација потребна за утврдување попреченост на лицето и можност за нејзино преземање од Националниот систем за електронски евиденции во здравството.“

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Сите известувања од Министерството до барателот се доставуваат во лесно разбирлив формат, а по потреба или барање, во пристапен формат.

(7) Министерството обезбедува двонасочна електронска комуникација и следење на предметот преку пристапен ИКТ интерфејс.“

Член 12

Во член 27 ставот (2) се менува и гласи:

„Националната методологија за проценка на попреченост се заснова на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ), Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите Нации и најдобрите практики, во чиј фокус се здравјето и состојбите поврзани со здравјето кај лицата со попреченост, како и нивната функционалност, интеракција и учеството во заедницата.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„Националната методологија за проценка на попреченост ја донесува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството изработена во соработка со Министерството за здравство“.

Член 13

Во член 28 во ставот (1) зборовите „медицинско функционална“ се заменуваат со зборот „биопсихосоцијална“, а по зборот „документација“ се додаваат зборовите „и функционирањето, потребната поддршка и бариерите во околината“.

Во ставот (2) по точката се додава нова реченица која гласи:

„Лицето кое се проценува има право на придружник, толкувач за знаковен јазик, материјали во лесно разбирлив формат и други прилагодувања без дополнителен трошок.“

Член 14

Во член 33 во точката 2 по зборовите „трошоците за“ се додаваат зборовите „посета на обука и“.

Член 15

Во член 34 во ставот (4) потточката 5.3 се брише.

Член 16

Во член 35 во ставот (9) по зборот „доставуваат“ се додаваат зборовите „или да овозможат преземање на“.

Член 17

Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје се основа и работи согласно Законот за здравствената заштита и Законот за социјалната заштита, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Имотот, опремата, средствата, архивата и другата документација кои Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје ги има преземено од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје се пренесуваат на Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Вработените во Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје кои како стручни лица вршат функционална проценка до денот на влегувањето во сила на овој закон се преземаат од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Вработените во Министерството кои како стручни лица вршат проценка на лица со попреченост до денот на влегувањето во сила на овој закон се преземаат од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 19

Лицата кои се стекнале со сертификат за завршена обука за проценка на попреченост и положиле стручен испит организирани од Министерството во рамките на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, до денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, до Министерството да поднесат пријава за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка.

Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата од став (1) на овој член, издава лиценца за стручно лице кое врши проценка, ако лицето од став (1) на овој член, ги исполнува условите од член 10 став (1) точките 1, 2 и 3 и став (2) од Законот за системот за проценка на лица со попреченост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23).

На лицата од став (1) на овој член, кои нема да поднесат пријава за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка во рокот од став (1) на овој член или кои не ги исполнуваат условите од член 10 став (1) точките 1, 2 и 3 и став (2) од Законот за системот за проценка на лица со попреченост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), нема да им се издаде лиценца за стручно лице кое врши проценка.

Член 20

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со донесувањето на Законот за системот за проценка на лица со попреченост во 2023 година за прв пат прашањата поврзани со вршење проценка заради утврдување на лица со попреченост се уреди на системски начин, поставувајќи основа за едноставна, ефикасна и економична организација (подготовката и спроведувањето) на проценките на лица со попреченост.

Со овој Предлог на закон се менува називот на Министерството за труд и социјална политика и името на министерот, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Северна Македонија број 121/2024).

Со членот 1 од Предлогот на закон се определува опфатот на примена на законот во однос на системот на функционална проценка која ја врши Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје и се дава основ за донесување на подзаконски акт за начинот на кој оваа установа ќе ги применува одредбите од овој закон.

Со членот 2 од Предлогот на закон се дополнуваат начелата на кои се заснова законот и системот за проценка на попреченост во насока на поголемо вклучување и заштита на лицата со попреченост.

Со членовите 3, 4 и 7 од Предлогот на закон се врши терминолошка промена на називот на Министерството.

Со членот 5 од Предлог на закон се врши преуредување на член 8 од законот заради прецизирање со кои органи и на кој начин Министерството воспоставува соработка за потребите на системот за проценка.

Со членот 6 се брише можноста стручните лица кои вршат проценка да бидат вработени во Министерството.

Со членовите 8 и 14 од Предлогот на закон се врши појаснување на опфатот на трошоците што ги уплаќаат кандидатите за стручни лица.

Со членот 9 од Предлогот на закон се овозможува обучувачот да врши проценка на попреченост, а не само ревизии на извршените проценки.

Со членовите 10 и 11 од Предлогот на закон се укинува надлежноста на Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје во системот за проценка, се допрецизира начинот на пристап до и преземање на медицинската документација и се овозможува пристапност на лицата со попреченост во процесот на поднесување барања за проценка на попреченост.

Со членовите 12 и 13 од Предлогот на закон се прецизираат меѓународните документи кои се основа за изработка на националната методологија, како и аспектите кои мора да ги опфати методологијата и наодот и мислењето од извршната проценка, а исто така се врши и промена во надлежниот орган за донесување на националната методологија од Министерството на Владата, поради нејзиниот мултидисциплинарен карактер и потребата од стандардизирана примена меѓу различни институции.

Со членот 15 од Предлогот на закон се брише запишувањето на податок во Регистарот на лица со попреченост бидејќи е одвишен.

Со членот 16 од Предлогот на закон се дава поголема ширина на начинот на кој ќе се обезбедуваат податоците за потребите на Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост.

Со членовите 17 и 18 од Предлогот на закон се овозможува враќање на надлежноста, имотот и вработените на Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа Здравствен дом – Скопје заради вршење на функционална проценка на овие категории на лица, а стручните лица кои вршат проценка и се вработени во Министерството се преземаат (враќаат) во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Со членот 19 од Предлогот на закон се овозможува лицата кои поминале стручна обука и полагале испит организирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади по влегувањето во сила на Законот за системот за проценка на лица со попреченост, а пред влегувањето во сила на овој закон да се стекнат со лиценца за стручно лице по сила на закон.

Со членот 20 од Предлогот на закон се дава рок за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон.

Со членот 21 од Предлогот на закон се определува периодот на влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Се врши усогласување на Законот за системот на проценка на лицата со попреченост со измените и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа во називот на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Со донесувањето на Законот за системот за проценка на лицата со попреченост во 2023 година за прв пат прашањата поврзани со вршење проценка заради утврдување на лица со попреченост се уреди на системски начин, поставувајќи основа за едноставна, ефикасна и економична организација (подготовката и спроведувањето) на проценките на лица со попреченост.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Член 3

(1) Проценката на попреченост, се врши заради остварување на права и услуги на децата и лицата со попреченост утврдени во Законот за социјалната заштита, Законот за заштита на децата, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за работните односи, Законот за вработување на инвалидни лица, Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

(2) Проценката на попреченост се врши и заради остварување права и услуги на лицата со попреченост ако со овој или друг закон е утврдено дека правата и услугите се остваруваат врз основа на наодите и мислењата издадени согласно овој закон.

## Член 4

Начелата на кои се заснова системот за проценка на лица со попреченост, се:

1. еднаков третман и недискриминација,
2. индивидуализација на барателите на проценка на попреченост,
3. заштита на приватноста и обезбедување доверливост на податоците,
4. почитување на интегритетот и правата на барателот на проценка на попреченост,
5. самостојност и независност на лицата кои вршат проценка за утврдување на попреченост при вршењето на проценката,
6. стручност во вршењето на проценката согласно единствена методологија за проценка на попреченост, правилата на науката и струката и етичките норми,
7. сеопфатност преку вршење на единствена проценка од една комисија заради утврдување на попреченост и користење на издадениот наод и мислење во сите постапки во кои лицето со попреченост остварува право и/или услуга,
8. поголема достапност на комисиите за проценка до барателите на проценка на попреченост и
9. дигитализација на постапката за утврдување попреченост, од поднесување на барањето до уписот на лицето во регистарот на лица со попреченост.

## Член 5

(1) Заради координиран и унифициран начин на вршење проценка на попреченост како основ за остварување на правата и услугите од прописите наведени во членот 3 од овој закон, се формира Централно координативно тело за проценка на лица со попреченост како организациска единица во Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Телото).

Член 7

(1) Средствата за финансирање на системот за проценка на лица со попреченост се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) За потребите на системот за проценка на лица со попреченост, Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Министерството), може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со закон.

(3) Како сопствени приходи на Министерството се сметаат:

1. трошоците што ги покриваат лицата за посета на обука за стручни лица кои вршат проценка и обучувачи и/или за полагање на стручен испит и

2. партиципацијата што барателите на проценка ја уплаќаат за вршење прва и втора (конечна) проценка.

Член 8

(1) Лицата кои се вработени во Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје на работни места за вршење проценка и кои се лиценцирани за вршење проценка согласно одредбите од овој закон, ја вршат проценката согласно овој закон.

(2) За работите кои бараат посебна стручност и за чиешто извршување се потребни дополнителни и/или други соодветни профили на стручни лица и опрема кои Министерството или другите вклучени институции во системот за проценка не ги поседуваат, Министерството може да склучи договор или меморандум за соработка со друг државен орган или установа.

Член 9

(1) Проценката ја вршат стручни лица ангажирани од Министерството кои се претходно лиценцирани според условите и во постапката утврдени со овој закон.

Член 11

(2) Министерот за труд и социјална политика (во натамошниот текст: министерот), најдоцна до 31 јануари секоја година донесува годишен план за обуки и стручни испити за тековната година, кој се објавува на веб страницата на Министерството.

(3) Со годишниот план за обуки и стручни испити се определуваат бројот, временскиот распоред и видовите на обуки според наставни програми кои Министерството планира да ги спроведе во тековната година, како и бројот и временскиот распоред за полагање на стручниот испит.

Член 17

(1) Стручниот испит се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област за проценка за стекнување на лиценца за стручно лице кое врши проценка.

(2) За да може да го полага стручниот испит, кандидатот за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка е должен да го посети минималниот фонд на часови пропишани со правилникот од ставот (8) точка 1. на овој член.

(3) Продолжувањето на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка се врши без полагање на стручен испит.

(4) За полагање на стручниот испит, кандидатот за стекнување лиценца за стручно лице кое врши проценка ги уплаќа трошоците во износ утврден во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за организирање и техничко спроведување на испитот.

(5) Стручниот испит се спроведува најмалку два пати годишно од страна на испитна комисија која ја формира министерот од редот на обучувачите, при што за член на испитната комисија не може да биде назначен обучувач кој учествувал во обуката на лицата кои го полагаат стручниот испит.

(6) Членовите на испитната комисија имаат право на надомест за спроведување на стручниот испит, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон и е соодветен на обемот и сложеноста на работата.

(7) Административните работи за потребите на испитната комисија и спроведување на стручниот испит ги врши вработен административен службеник во Министерството, кој води записник за текот на полагањето на стручниот испит кој се чува трајно.

(8) Министерот со правилник поблиску ги пропишува:

1. начинот на полагање стручен испит за стекнување и за продолжување на лиценцата за стручно лице кое врши проценка, вклучително и минималниот фонд на посетени наставни часови,

2. начинот на работа на испитната комисија,

3. начинот и формата на спроведување на стручниот испит и

4. формата, содржината и начинот на водење на записникот за текот на полагањето на стручниот испит.

Член 18

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за стручно лице кое врши проценка, министерот им издава лиценца за стручно лице кое врши проценка, во рок од осум дена од денот на успешно полагање на испитот.

(2) На кандидатите кои ги исполниле условите за обучувач, министерот им издава сертификат за обучувач, во рок од осум дена од денот на завршување на обуката.

(3) На секој сертифициран обучувач му се издава и лиценца за стручно лице кое врши проценка, која е со ист период на важност како и издадениот сертификат за обучувач и со која обучувачот може да врши само ревизија на проценки.

(4) Во лиценцата за стручно лице кое врши проценка, односно во сертификатот за обучувач, се наведуваат името и презимето на стручното лице кое врши проценка, односно на обучувачот, неговиот датум на раѓање и стручен профил.

(5) Лиценцата за стручно лице кое врши проценка е со важност од пет години од денот на нејзиното издавање.

(6) Сертификатот за обучувач е со важност од три години од денот на неговото издавање.

(7) За да ја продолжи важноста на лиценцата, стручното лице кое врши проценка е должно, најдоцна еден месец пред истекот на важноста на лиценцата за стручно лице кое врши проценка, да посети обука за усовршување и да ги уплати трошоците во износ утврден во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за организирање и техничко спроведување на обуката.

(8) За да ја продолжи важноста на сертификатот, обучувачот е должен, најдоцна еден месец пред истекот на важноста на сертификатот за обучувач, да посети обука за усовршување и да ги уплати трошоците во износ утврден во тарифникот од членот 33 од овој закон, кој соодветствува на реалните трошоци за организирање и техничко спроведување на обуката.

(9) Формата и поблиската содржина на лиценцата за стручно лице кое врши проценка и на сертификатот за обучувач, ги пропишува министерот.

Член 22

(1) Стручните лица кои вршат проценка, кои не се вработени во Министерството, Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје или друга установа со која Министерството има склучено договор или меморандум за соработка, имаат право на надомест за секоја извршена стручна проверка на комплетноста и валидноста на барањето за проценка и приложената документација и за секоја извршена проценка на попреченост, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон и е соодветен на обемот и сложеноста на работата. Исплатата на надомест се врши еднаш месечно до крајот на месецот кој следува по месецот за кој е остварено правото на надомест.

Обучувачот има право на надомест за секоја спроведена обука, чијшто износ се утврдува во тарифникот од членот 33 од овој закон и е соодветен на обемот и сложеноста на работата.

Член 24

(1) Во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето од членот 23 од овој закон, овластен административен службеник од Министерството и стручно лице кое врши проценка кој е доктор на медицина вработен во Министерството, Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје или во установа која е дел од мрежата на здравствени установи и кој е автоматски определен преку Информацискиот систем за проценка на лица со попреченост од членот 36 од овој закон, вршат формално-правна и стручна проверка на комплетноста и валидноста на барањето и приложената документација.

(2) Стручното лице кое врши проценка од ставот (1) на овој член, ја презема медицинската документација потребна за утврдување на попреченост на лицето од Националниот систем за електронски евиденции во областа на здравството.

(3) Ако по извршената проверка се утврди дека поднесеното барање и документација се комплетни и соодветни, Министерството го известува барателот за терминот за вршење на проценка на попреченост, освен кога барањето е поднесено од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија согласно членот 23 став (4) од овој закон.

(4) Ако по извршената проверка се утврди дека поднесеното барање и документација се некомплетни и/или несоодветни, Министерството го известува барателот да го комплетира барањето со потребната документација, во рок од 90 дена

од денот на приемот на известувањето. Во известувањето се даваат напатствија за комплетирање на барањето и документацијата.

(5) Ако во рокот од ставот (4) на овој член, барателот не го комплетира барањето со потребната документација, барањето се отфрла. Ако барањето и документацијата се комплетирани во рокот од ставот (4) на овој член, со потребните податоци и документација, Министерството постапува согласно ставот (3) на овој член.

Член 27

(1) Комисијата за проценка ја врши проценката согласно Националната методологија за проценка на попреченост.

(2) Националната методологија за проценка на попреченост се заснова на меѓународни стандарди и најдобри практики и ги зема предвид различните нивоа и степени на попреченост и возраста на лицата кај кои се утврдува попреченост.

(3) Составен дел на Националната методологија за проценка на попреченост е образецот на наод и мислење од извршена проценка на попреченост.

(4) Националната методологија за проценка на попреченост ја донесува министерот

Член 28

(1) Комисијата за проценка врши единствена медицинско-функционална проценка на попреченост, при што како појдовна основа се зема примарната медицинска дијагноза и останатите медицински дијагнози (МКБ-10), како и целокупната медицинска, работна и друга релевантна документација заради утврдување на лице со попреченост.

(2) Комисијата за проценка ја врши проценката во присуство на лицето со попреченост, освен кога барател на проценката на попреченост е Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, согласно членот 23 став (4) од овој закон.

(3) По извршената проценка на попреченост, комисијата за проценка издава наод и мислење за:

1. непостоење попреченост,

2. попреченост или

3. ризик од попреченост.

(4) Наодот и мислењето од извршената проценка на попреченост му се издава на барателот на проценката во рок од 10 дена од денот на извршената проценка.

(5) Доколку одредена извршена проценка на попреченост е избрана да биде предмет на ревизија, рокот за издавање на наодот и мислењето од ставот (4) на овој член, започнува да тече од денот кога комисијата за ревизија го издала заклучокот од членот 31 став (7) точка 1. од овој закон.

(6) На секој наод и мислење од извршената проценка на попреченост се потпишуваат сите членови на комисијата за проценка.

(7) Административните работи за потребите на комисијата за проценка ги врши вработен административен службеник во Министерството, кој подготвува дневен и месечен статистички извештај за извршените проценки на попреченост.

Член 33

Министерот со тарифник ја определува висината на:

1. трошоците за посета на обука за обучувачи,

2. трошоците за полагање на стручен испит за стручно лице кое врши проценка,

3. трошоците за посета на обука за стручно усовршување,

4. надомест за членовите на испитната комисија за спроведен стручен испит,

5. надомест за стручните лица кои вршат проценка за стручна проверка на комплетноста и валидноста на барањето и приложената документација и за извршената проценка на попреченост,

6. надомест за обучувачите за спроведена обука и

7. партиципацијата за вршење на проценка на попреченост.

Член 34

(1) Доколку со наодот и мислењето е утврдена попреченост, податоците за лицето кај кое е утврдена попреченост и за попреченоста се внесуваат во Регистарот на лица со попреченост, кој го води Министерството.

(2) Регистарот на лица со попреченост се состои од општ и посебен дел.

(3) Во општиот дел на Регистарот на лица со попреченост се внесуваат:

1. основни општи податоци за лицето:

1.1. име и презиме,

1.2. име и презиме на законскиот застапник за малолетни лица и за лица кои немаат или им е одземена деловната способност,

1.3. пол,

1.4. единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) или друг единствен идентификациски број,

1.5. единствен број на социјално осигурување од Регистарот за задолжително социјално осигурување,

1.6. единствен здравствен број на осигуреникот (ЕЗБО),

1.7. датум на раѓање,

1.8. место и држава на раѓање,

1.9. адреса на живеалиште,

1.10. општина на живеалиште,

1.11. адреса на престојувалиште,

1.12. општина на престојувалиште,

1.13. државјанство и

1.14. контакт податоци (телефон и адреса за електронска пошта);

2. дополнителни општи податоци за лицето:

2.1. степен на образование,

2.2. степен на образование на законскиот застапник, доколку лицето со попреченост е малолетно или нема, односно му е одземена деловната способност,

2.3. брачен статус,

2.4. тековен статус (вработен, невработен, дете во образовен процес или пензионер),

2.5. работен однос и

2.6. број на издржувани лица;

3. податоци за стекнување статус „неактивен“ на регистрираното лице:

3.1. датум на стекнување статус „неактивен“,

3.2. причина за стекнување статус „неактивен“ и

3.3. датум на настапување на смрт.

(4) Во посебниот дел на Регистарот на лица со попреченост се внесуваат:

1. основни податоци за попреченоста:

1.1. причини што довеле до попреченост,

1.2. медицински дијагнози по МКБ 10 класификација и тоа водечката - примарна дијагноза, други коморбидитетни дијагнози (секундарна, терцијарна дијагноза), со наведување на код и опис на секоја дијагноза и

1.3. други релевантни податоци за здравствената состојба на лицето;

2. податоци за претходно користена поддршка, помош, права и услуги:

2.1. користена поддршка и помош базирана на медицински интервенции и

2.2. користени социјални права и услуги (права од детска заштита и образование, права од социјална заштита, права од пензиско и инвалидско осигурување, права на борците и воените инвалиди и социјални услуги).

3. административни податоци за издадениот наод и мислење:

3.1. деловоден број,

3.2. датум на издавање и

3.3. членови на комисијата.

4. наоди од извршената проценка на лицето со попреченост:

4.1. наоди поврзани со телесната структура (вредност според Барема скала),

4.2. наоди поврзани со телесните функции и

4.3. наоди поврзани со проценката на учество и активност според Планот за проценка на попреченост на Светската здравствена организација (World Health Organization Disability Assessment Schedule - WHO DAS) и ограничувања на учеството;

5. мислење од спроведената проценка на лицето со попреченост:

5.1. статус на попреченост (лице со попреченост или лице во ризик за попреченост),

5.2. времетраење на попреченоста (трајна или временски ограничена на период - до датум),

5.3. вид на попреченост која се утврдува во зависност од примарната и коморбидитетни дијагнози по МКБ 10 и

5.4. преостаната работна способност (работна способност или работна неспособност – трајна или привремена, општа или делумна, професионална);

6. утврдени и остварени социјални права и услуги:

6.1. листа на утврдени и остварени права и услуги од областите на детска заштита и образование, социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, права од работен однос и вработување на лица со попреченост, боречки, воени и цивилни инвалиднини и социјални услуги,

6.2. податоци за лицето кое го наследува правото, односно лице кое е носител на правото:

- име и презиме на лицето,
- пол,
- единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) или друг единствен идентификациски број,
- единствен број на социјално осигурување од Регистарот за задолжително социјално осигурување,
- датум на раѓање,
- место и држава на раѓање,
- адреса на живеалиште
- општина на живеалиште,
- адреса на престојувалиште,
- општина на престојувалиште,
- државјанство и
- контакт податоци (телефон и адреса за електронска пошта);

6.3. податоци за статусот на правата и услугите на лицето со попреченост (важечки или престанале поради одредена причина).

Начин на водење на Регистарот на лица со попреченост

Член 35

(1) Регистарот на лица со попреченост се води во електронска форма.

(2) Во прилог на Регистарот на лица со попреченост се формира и чува досието на лицето со попреченост, кое содржи:

1. збирка на документи (одлуки, решенија) како доказ за претходно користена поддршка, помош, права и услуги од страна на лицето со попреченост,

2. наоди и мислења во електронска форма – изворна или скенирана и

3. збирка на документи (одлуки, решенија) како доказ за активно користење на правата и услугите од страна на лицето со попреченост или лицето кое го наследува правото, односно лице кое е носител на правото.

(3) Министерството врши ажурирање на Регистарот на лица со попреченост, доколку се промени претходно внесен податок кој се однесува на лицето со попреченост, на неговата попреченост или на статусот во утврдените или остварените права.

(4) Лице со попреченост добива статус „неактивно“ во Регистарот на лица со попреченост, доколку со нов наод и мислење не е утврдена попреченост кај лицето кое претходно било внесено во Регистарот на лица со попреченост или со настапување на смрт на лицето кое било внесено во Регистарот на лица со попреченост.

(5) При секоја промена на упис во Регистарот на лица со попреченост се известува лицето со попреченост на кое се однесува промената или неговиот законски застапник.

(6) Податоците внесени во Регистарот на лица со попреченост се чуваат трајно.

(7) Врз основа на податоците од Регистарот на лица со попреченост, Министерството, на барање на лицето со попреченост или на институцијата во која лицето со попреченост остварува право или услуга, издава потврда за тековна состојба.

(8) Министерството ги објавува податоците од Регистарот на лица со попреченост само како агрегирани статистички податоци на својата веб страница.

(9) Органите и институциите кои водат податоци кои се внесуваат или се од значење за водење на Регистарот на лица со попреченост се должни да ги доставуваат податоците до Министерството.

(10) Пристапот до и размената на податоци со и од Регистарот на лица со попреченост може да има институција во која лицето со попреченост остварува право или услуга. За пристапот и размената на податоци не се плаќа надомест.

(11) Формата, поблиската содржина и начинот на водење на Регистарот на лица со попреченост, формата, содржината и начинот на издавање на потврдата за тековна состојба, како и пристапот до и размената на податоците со и од Регистарот на лица со попреченост, ги пропишува министерот.